**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ ОД ПРОМЕНА НА КАМАТНИТЕ СТАПКИ ВО ПОРТФОЛИОТО НА БАНКАРСКИ АКТИВНОСТИ[1]

| I. | Тема | Третман на различни видови каматни стапки |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | **Каков е третманот на инструментите со законска казнена каматна стапка?** |
| | Одговор | Начинот на определување на законската казнена камата е дефиниран со Законот за облигационите односи.<br>Имајќи предвид дека висината на законската казнена камата зависи од промената на каматните стапки коишто по својата природа се променливи (зависат од промени коишто се надвор од контролата на банката, при што точно се знае периодот на идната можна промена), и законската казнена камата треба да се смета како променлива каматна стапка. |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |
| 2. | Прашање | **Каков е третманот на каматната стапка на благајничките и државните записи и на задолжителната резерва кај Народната банка?** |
| | Одговор | Благајничките и државните записи се позиции со фиксна каматна стапка, затоа што сите купени БЗ и ДЗ коишто се во билансот на банките имаат точно утврдена каматна стапка којашто не се менува до рокот на нивното достасување.<br>Задолжителната резерва претставува инструмент на монетарната политика на НБРМ, поради што каматна стапка на ЗР се определува и се менува во зависност од целите на монетарната политика. Оттука, банките не се во можност со точност да ја предвидат следната промена на каматната стапка на ЗР. Поради тоа, овие позиции треба да се сметаат како позиции со фиксна каматна стапка и согласно со точка 5 алинеја 6 од Упатството, се распоредуваат во временскиот период до еден месец. |
| | Датум на објавување | 26.07.2010 година |

[1] Одлука за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности („Службен весник на РМ“ бр. 163/2008 и 144/2009) и Упатство за спроведување на Одлуката за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности („Службен весник на РМ“ бр. 39/2010).

| | | |
|---|---|---|
| | на одговорот | |
| 3. | Прашање | **Каков е третманот на инструментите кај кои каматната стапка е определена како променлива (пр. ЛИБОР) плус одреден износ на процентни поени којшто зависи од одлука на органите на банката (прилагодлив дел)?** |
| | Одговор | Имајќи предвид дека во најголем број од случаите промената кај овој вид каматни стапки ќе настане како резултат на промената на референтната каматна стапка, овие каматни стапки треба да се сметаат како променливи и соодветно да се распоредат во образецот ВКС. Притоа, распоредувањето во соодветниот рочен блок зависи од тоа кога ќе настане следната промена на каматната стапка, што би подразбирало и евентуална промена како резултат на одлука на банката (доколку таа промена се случи побрзо од промената на референтната стапка). |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |
| 4. | Прашање | **Каков е третманот на инструментите кај кои е предвидено каматната стапка да се зголемува/намалува за точно определен износ на процентни поени во точно определени временски период?** |
| | Одговор | Доколку висината на каматната стапка се утврдува единствено според одредбите на договорот склучени помеѓу банката и нејзиниот клиент, во тој случај таа каматна стапка е со фиксен карактер. Во овие случаи, без разлика што е предвидена различна висина на каматната стапка во различни временски периоди, уште при склучувањето на договорот за соодветниот инструмент, точно е определен начинот на кој се утврдува каматната стапка и тој не може да се менува ниту од банката, ниту пак зависи од некој трет субјект (пр. пазарот). Меѓутоа, доколку во договорот е предвидена одредба според која каматната стапка може да се менува согласно со одлука на банката, во тој случај станува збор за прилагодлива каматна стапка. |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |

| **II.** | **Тема** | **Дефиниции** |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | **Во кои случаи одредена валута ќе се смета за значајна, кога ќе надмине 5% од износот на билансната и вонбилансната актива или 5% од износот на билансната и вонбилансната пасива?** |
| | Одговор | Согласно со точка 2 алинеја 9 од Одлуката, како значајна валута се смета секоја валута којашто ќе |

| | | |
|---|---|---|
| | | надмине 5% или од вкупната билансна и вонбилансна актива или од вкупната билансна и вонбилансна пасива. Според тоа, како значајна валута се смета валутата којашто надминала еден од двата лимита. Притоа, идентификувањето на значајните валути се врши на ниво на целиот биланс на банката, без разлика дали станува збор за позиции во девизи или во денари со девизна клаузула. |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |
| 2. | Прашање | **На кој начин треба да се утврди вкупната актива (билансна и вонбилансна) којашто се користи за утврдување на значајните валути?** |
| | Одговор | Имајќи го предвид прифатениот принцип за прикажување на каматночувствителните позиции на нето-основа (со исклучок на износот на акумулираната амортизација), при утврдувањето на вкупната актива се поаѓа од истиот принцип. На тој начин се обезбедува единствен пристап и можност за соодветна споредба помеѓу двете големини коишто се користат за утврдување на значајните валути. При утврдувањето на вкупната актива се земаат предвид сите билансни и вонбилансни ставки, без разлика дали претставуваат каматночувствителни позиции или не. |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |

| **III.** | **Тема** | **Распоредување позиции** |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | **Во кој случај одредена позиција има третман на позиција со опција за предвремена отплата, односно дали е потребно таа опција да биде предвидена во договорот помеѓу банката и клиентот или не?** |
| | Одговор | Одредена позиција може да има третман на позиција со опција за предвремена отплата без разлика дали таа опција е предвидена во договорот или во општите услови за работење на банката. Банката, како дел од својата палета на производи, може да нуди производи со можност за предвремена отплата, при што начинот на остварување на таа можност е јавно објавен, односно му е познат на клиентот. Во тој случај, овие производи треба да имаат третман на позиции со опција за предвремена отплата. При нивното распоредување во соодветниот временски период, банката го има предвид претходното искуство за искористувањето на таа опција од страна на нејзините клиенти, согласно со точката 22 од Одлуката. Истите правила се применуваат и |

| | | |
|---|---|---|
| | | за производите на банката коишто имаат опција за предвремено повлекување. |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |
| 2 | Прашање | **Дали негативните салда по тековни сметки коишто се дел од активата треба да се сметаат како депозити по видување и средства на трансакциските сметки и да се распоредат во временскиот период до еден месец?** |
| | Одговор | Ограничувањето определено во точка 5 алинеја 7 од Упатството се однесува на позициите на коишто се дел од пасивата на банката. Негативните салда по тековни сметки претставуваат активна позиција (кредит) и можат да се распоредат во временскиот период до еден месец доколку станува збор за достасани побарувања (точка 5 алинеја 11 од Упатството). Во спротивно банката ги распоредува имајќи ги предвид барањата дефинирани во точките 21 и 22 од Одлуката. |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |

| **IV.** | **Тема** | **Останати прашања** |
|---|---|---|
| 1. | Прашање | **Кој износ на сопствени средства треба да се земе при пополнување на обрасците со состојба на 31.03, 30.06., 30.09 и 31.12?** |
| | Одговор | Согласно со точка 14.3 од Упатството, се зема предвид износот на сопствените средства на банката од крајот на последниот квартал за кој банката има податок. Меѓутоа, оваа точка од Упатството остава простор банката да користи и друг износ на сопствени средства, доколку постои значителна промена во износот, во однос на последниот квартал. |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |
| 2 | Прашање | **Како треба да се пресмета рокот од точка 25 став 2 од Одлуката?** |
| | Одговор | Рокот од точка 25 став 2 од Одлуката се однесува на обврската на банката да достави предлог-мерки до Народната банка, во случај на надминување на дефинираниот лимит од 20%. Банката треба да почне да го смета рокот од три дена од денот кога ќе утврди дека е остварено надминување на лимитот, но тој рок не смее да биде подолг од три дена по рокот во кој банката е должна да ги достави обрасците ФКС, ВКС и ПКС (петнаесет дена по истекот на месецот за кој се известува). |
| | Датум на објавување на одговорот | 26.07.2010 година |